Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и член 9 став 2 од Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ**
**НА ТУРИЗМОТ ЗА 2020 ГОДИНА**

**I**

Во Програмата за развој на туризмот за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 7/20) во делот I ставот 2 се менува и гласи :
„Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/2019), Раздел 10001 – Министерство за економија, Програма 14 - Развој на туризмот во Република Северна Македонија на категориите 42 – стоки и услуги, и Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/20)-раздел 10001 - Министерство за економија, Програма -Мерки за справување со COVID 19 кризата – Подпрограма П1 – Мерки за справување со COVID 19 кризата, категорија 46 – субвенции и трансфери и ставка 464 - разни трансфери во износ од 15.500.000 денари".

**II**

Во делот II точката 1 се менува и гласи:

**„Субвенции за кофинансирање на настани, обуки, семинари и конференции**

Министерството за економија со цел поддршка на домашните хотели и надминување на ефектите од Корона кризата, а со цел ревитализацијата и опоравување на економијата во Република Северна Македонија, кофинансира трошоци за организирање на настани, обуки , семинари и конференции до 50%, а до максимален износ од 30.000,00 денари.

Настаните обуките, семинарите и конференциите треба да бидат организирани во категоризирани угостителски објекти во Република Северна Македонија.
Министерството за економија ќе објави Јавен повик за доделување на субвенции за кофинансирање на трошоците за организирање на настани, обуки, семинари, и конференции на кој право на учество имаат сите заинтересирани правни лица, фондации и здруженија на граѓани (во натамошниот текст: субјекти) и ги исполнуваат условите што ќе се предвидат во јавниот повик.

Јавниот повик ќе се објави во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Еден субјект може да поднесе најмногу до три барања за кофинансирање на трошоците за организација на настани, обуки семинари и конференции.
Образецот на барањето за доделување на субвенции за кофинансирање на трошоците за организирање на настан, обуки, семинари и конференции ќе може да се подигне во Архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на Министерството за економија: www.economy.gov.mk.

Субвенциите за користење на средства за кофинансираіње на трошоци за организирање на настани обуки, семинари и конференции се издаваат по принципот „прв дојден прв услужен“.

Субјектите до Министерството за економија доставуваат барање за доделување на субвенции, кон кое во прилог доставуваат резервација на сала за организирање на настани, обуки, семинарии и конференции и Договор за закуп на угостителскиот објект за организирање на настан, обуки, семинар и конференција со угостителскиот објект со прилог фактура и краток опис за настанот.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од јуни до декември 2020 година.
15.000.000,00 денари”

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 се бришат

Точката 12 станува точка 2.

Точките 13 и 14 се бришат.

III

Во делот III Табелата се менува и гласи:
“

| Активност | Временски период | Начин на реализација |
|---|---|---|
| Точка 1 | Јуни-Декември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 2 | Септември | Со објавување на Јавен повик |

“

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр.44-4816/1**
**10 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**